Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-239/3
Датум: 20-03-2025

По претставка бр. 08 - 239/1 од 20.2.2025 година поднесена [redacted] против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 239/1 од 20.2.2025 година поднесена од [redacted] против [redacted], **поради ненадлежност**.

## Образложение

На 20.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 239/1, поднесена од [redacted] против [redacted]

Подносителот наведува дека повод за поднесување на претставката се вознемирување, опструкции, закани, притисок и дискриминација кон него, што трае подолг временски период на неговото работно место. Известува дека за истото има иницирано судска постапка за заштита од вознемирување на работното место. Тој појаснува дека со Решение е назначен за началник на [redacted] во Центарот за обука во МВР, односно неговото работно место согласно Законот за внатрешни работи е категорија Б – раководни работници, ниво Б3. Со Наредба за вршење на итни, неодложни и специфични задачи бил распореден да извршува задачи на референт за патни исправи (со задачи за распоредување на патните исправи по иницијали на одредени места) за потребите на ОУР Скопје. Подносителот смета дека со врачување на таквата Наредба му била извршена дискриминација по основ на работна позиција, образование и работно искуство согласно Законот за внатрешни работи. Како причини поради кои тврди дека е дискриминиран, наведува:

- Наредбата не содржи образложение за итните, неодложни и специфични задачи кои требале да се извршуваат во ОУР Скопје;
- Задачите согласно член 154 од Законот за внатрешни работи не треба да се разликуваат од задачите на работникот од работното место на кое работи;
- Неврачување на нова Наредба по изминување на 30 дена од првата, што кај него предизвикало чувство на страв и неизвесност, за што побарал и медицинска помош;

- Отсуство на правна поука во Наредбата, со што му било ускратено правото да приговара по истата и
- Отсуство на критериуми по кои токму тој бил избран да ги извршува тие работни задачи, што се многу пониска категорија и ниво по рангирање на работните места по систематизацијата од позицијата на која тој работел.

Известува дека претходно имал поднесено претставки поврзани со состојбите во Центарот за обука до Внатрешна контрола на МВР. Посочува дека како резултат на тоа, помошник на министерот на Центарот за обука – [redacted] издејствувал да му биде врачена ваква Наредба, со која ќе се дислоцира од Центарот за обука во завршниот процес на оценување на генерација на полицајци 2024/2025. Освен тоа, ги навел и следните дејствија сторени од негова страна:

Професионално деградирање – За периодот кога [redacted] го користел годишниот одмор во месец јули 2024 година, за негова заменичка ја назначил [redacted] Секуловска ([redacted] во неговиот Сектор), која ја користела можноста да издава наредби и насоки за постапување врз нејзин претпоставен, со што тој наведува дека бил директно дискредитиран.

Вознемирување вон работно време – Подносителот тврди дека на 27.10.2024 година, во недела, надвор од работно време, на Вибер комуникација барал од него да изготви нов План за оценување во трет модул на писмените тестови за сите тимови, без никаква итност, што според подносителот е вознемирување.

Притисок – На 13.11.2024 година од подносителот барал да му ги достави прашањата од тестовите од делот „Писмен тест на знаење“, за што подносителот му појаснил дека тој нема право да го добие тестот и дека истиот е во процес на заштита согласно елаборатот за заштита на тестирањето и дека единствена надлежност за организирање и спроведување на оценувањето во центарот е на [redacted] Според подносителот целта на таквото дејствување била да се изврши притисок кон него, со што во иднина би имал основана причина за обвинување дека тој навистина ги споделувал прашањата и тестовите.

Закани – На состанок одржан за време на спроведување на оценување и во момент кога ја соопштувал веста дека присутните успешно го поминале процесот за реакредитација (ИАДЛЕСТ), тој упатил директна закана: *„Да не се чудите доколку некои од вас ги снема преку ноќ“*, што според тврдењата на подносителот целта била да внесе страв кај вработените и да придобие послушност.

Опструкции – По изготвен План за спроведување на оценување од Суштинска активност – СА 1.2 Заштита на животот и имотот, барал промена на терминот за спроведување на оценувањето и изготвување на Анекс на планот. Лицата кои како главни советници биле опфатени со Планот [redacted]

[redacted] и требало да извршуваат конкретни задачи, во последен момент, без најава, биле пуштени на годишен одмор и службен пат.

Подносителот наведува дека сите овие дејствија кај него предизвикале чувство на силна вознемиреност, страв и повреда на достоинството и за него средината во која работи станала заканувачка, непријателска и застрашувачка. Според подносителот издавањето на Наредбата за вршење на итни, неодложни и специфични задачи е основа за директна дискриминација, по ниво на работно место согласно систематизираните работни места во МВР.

**По разгледувањето на претставката, Комисијата констатира дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имено, во претставката не се наведени конкретни дејствија кои укажуваат на тоа дека наводниот третман на посочениот како дискриминатор е поврзан со заштитна карактеристика на подносителот, во смисла на член 5 (дискриминаторска основа) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Оттука, Комисијата постапува само во случаи кога постојат индиции за дискриминаторски дејствија поврзани со заштитна карактеристика, односно кога постојат индиции дека лицето било подложено на неповолен или нееднаков третман поради негова заштитна карактеристика или пак вознемирување засновано на заштитна карактеристика. Во таа смила, подносителот соодветно постапил и побарал судска заштита за вознемирување на работно место.**

Имено, член 5 дискриминацијата ја предвидува врз основа на *раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа*, а во врска со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други...“*

Во таа смисла и вознемирувањето предвидено со Законот за спречување и заштита од дискриминација имплицира на постоење на дискриминаторска основа: ***„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи*** *што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика“.*

**Имајќи предвид дека во конкретниот случај е опфатен проблем кој не се однесува на барање на заштита на права врз основа на дискриминаторска основа, односно барање за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Оддел за внатрешна контрола. Криминалистични истраги и професионални стандарди при МВР со седиште на ул. „Димче Мирчев" бр. 9, 1000 Скопје